РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-215/10
29-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-4343/1 од 21.09.2023 година против службените лица -----------, ----------- и ---------------, членови на Совет на Општина ---------- и членови на Управен одбор на ЈОУДГ „-----------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што е спроведена постапка за порамнување.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-4343/1 од 21.09.2023 година е оформен по пријава од познат подносител, со наводи за прекршување на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицата ------------, ---------- и -----------, кои истовремено извршувале две функции неспојливи една со друга, односно функциите член на Совет на Општина --------- и член на Управен одбор на ЈОУДГ „-----------.
Со цел проверка на податоците од пријавата ДКСК се обрати до релевантните институции, по што, врз основа на доставената документација се констатира следново:

- Лицето --------------- ја прекршил забраната за неспоивост на функција од член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно која избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал. Имено, -------------- – член на Совет на Општина -------------, со Одлука бр.08------/27 од 16.05.2022 година

донесена од Советот на Општина --------- на седница одржана на ден 10.05.2022 година, избран е за член на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ------------. Во време кога е избран за член на Управниот одбор, именуваниот бил член на Советот на Општина -----------, што е видно од Записникот од првата седница на советот одржана на ден 03.12.2021 година, Одлука за верификација на мандатот бр.----------/16 од 13.12.2021 година и Изјава за интереси. За ваквата повреда на одредбите од ЗСКСИ, на лицето --------- му е издаден Прекршочен платен налог со бр. 09-4343/9 од 27.12.2023 година и Записник за констатиран прекршок со бр. 09-4343/8 од 27.12.2023 година, како и укажување за отстранување на констатираната состојба. На ден 12.01.2024 година, лицето доставило доказ за уплатена глоба по издадени ППН и Записник со барање ДКСК повторно да ја разгледа одлуката за констатиран прекршок и да ја поништи. ДКСК, повторно со допис бр. 09-215/4 од 05.02.2024 година достави изведување до лицето ------------ со информација дека донесените ППН и Записник, како и укажувањето за откажување од една од двете функции кои ги извршува, се донесени согласно закон, по што лицето достави допис со информација за доставена неотповиклива оставка од функцијата член на Управен одбор на ЈОУДГ „------------- со бр. 03-----/1 од 12.02.2024 година.

- Понатаму, лицето ----------- ја прекршил забраната за неспоивост на функција од член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси согласно која избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал. Имено, -------- – член на Совет на Општина ------------, со Одлука бр.08-467/27 од 16.05.2022 година донесена од Советот на Општина ------------ на седница одржана на ден 10.05.2022 година, избран е за член на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ----------------. Во време кога е избран за член на Управниот одбор, именуваниот бил член на Советот на Општина -----------, што е видно од Записникот од првата седница на советот одржана на ден 03.12.2021 година, Одлука за верификација на мандатот бр.----------/16 од 13.12.2021 година и Изјава за интереси. За ваквата повреда на одредбите од ЗСКСИ, на лицето ----------- му е издаден Прекршочен платен налог со бр. 09-4343/6 од 27.12.2023 година и Записник за констатиран прекршок со бр. 09-4343/5 од 27.12.2023 година, како и укажување за отстранување на констатираната состојба. На ден 03.01.2024 година лицето достави допис со информација за доставено известување до Општина -------, за откажување од извршување на функцијата член на Управен одбор на ЈОУДГ „--------- со бр. 08-25/1 од 02.01.2024 година како и доказ за уплата на глоба по изречен прекршок од 09.01.2024 година.
- Понатаму, лицето ---------- ја прекршила забраната за неспоивост на функција од член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно која

избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал. Имено, --------- – член на Совет на Општина ---------, видно од Записник бр. 0204-27/1 од 21.02.2022 година избрана е за член на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ------------------. Во време кога е избрана за член на Управниот одбор, именуваната била член на Советот на Општина ---------, што е видно од Записникот од првата седница на советот одржана на ден 03.12.2021 година, Одлука за верификација на мандатот бр.---------/16 од 13.12.2021 година и Изјава за интереси. Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог бр.09-215/6 од 06.02.2024 година, уредно примен на ден 12.02.2024 година што е видно од доставница број RC084620893МК. Во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот не постапи и не плати половина од изречената глоба. Согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците, Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за поведување на прекршочна постапка против ------------ со бр. 09-215/8 од 10.05.2024 година до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата. Прекршочната комисија во ДКСК донесе Решение со бр. 14-1574 од 19.06.2024 година со кое и изрече прекршочна санкција ОПОМЕНА на лицето -----------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Б.К.Ш. – член на ДКСК